Совет на Општина Делчево
Број 09-2260/2
19.12.2018 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 17 седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 19.12.2018 година (среда), во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево, со почеток во 15:00 часот.

На седницата присуствуваа 14членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Славица Димитрова
10. Сашко Јовановски
11. Дијана Јосифовски
12. Билјана Ѓеоргиевска
13. Кристи Стојковски
14. Катица Трајкова Тасева

Оправдано отсутен: Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Драган Маневски кој на почетокот им се извини на членовите на Советот за свикувањето на денешната седница и име се заблагодари за нивното присуство.Тој истакна дека на денешната седница е присутен Шабан Багашов кој ќе даде образложение за итноста на точката која е на дневен ред.

За 17 седница на Советот тој го предложи следниот

Дневен ред

1. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2018 година;

Образлагач:Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и дневниот ред за 17 седница беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 17 седница.

Во врска со точката -Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2018 година, образложение поднесе Шабан Багашов којшто им се извини на советниците за свикувањето на денешната седница и истакна дека заради техничка грешка направена од негова страна при внесувањето на бројките во апликацијата за Ребалансот е направен пропуст и е впишана погрешна сума во програмата N1 Образование, т.е. Предвидени се помалку 30.000 денари. Доколку барате виновник за денешната седница, тоа сум јас, рече тој и уште еднаш ви се извинувам. Ве молам да го прифатите моето извинување и предлагам да ја усвоите оваа одлука рече Шабан Багашов.

Претседателo отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2018 година.

Со исцрпувањето на Дневниот ред 17 седница заврши со работа во 15:20 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,